ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 25.12.2017 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник Борјанчо Мицевски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Советник за правни работи и застапување Мартин Николовски, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

### Одделение за финансиски прашања

Дадена е информација во врска со подготовката на Буџетот за 2018 година.

Дадена е информација во врска со тековни плаќања и обврски на Општината.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Дадена е информација во врска со тековни активности, јавни набавки во врска со потребите на ова одделение и докомплетирање на техничка документација за проекти.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Дадена е информација во врска со санацијата на терасата на зградата на Општина Крива Паланка, со одредување на крајни рокови за довршување на отпочнатите активности поврзани со истата.

Дадена е информација во врска со давањето на позитивно мислење за геолошко истражување на локалитетот Сокол - Тораница.

**Одделение за човечки ресурси**

Дадена е информација во врска со постапката и роковите за изготвување на потребните образци/анкетни листови за разрешените, односно именуваните членови на Управни, Надзорни и Училишни Одбори и нивно доставување до надлежните органи и служби.

Дадена е информација во врска со годишниот план за обуки, со акцент на роковите и неопходната потреба за изготвување и испраќање на извештајот за реализација на годишниот план за обуки.

Дадена е информација во врска со превземените активности поврзани со Општинскиот штаб за заштита и спасување.

Дадено е известување во врска со исходот од тековните судски постапки во кои како странка е вклучена Општина Крива Паланка.

**Одделение за правни и општи работи**

Дадена е информација во врска со спроведените тековни активности околу подготовката на материјалите за седница на Советот на Општина Крива Паланка.

Дадено е задолжение до ова одделение сите Програми донесени од страна на Советот да бидат објавени во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

Дадена е информација во врска со подготовката на сите протоколарни активности поврзани со предновогодишниот прием што ќе се одржи во Кабинетот на Градоначалникот.

Дадена е информација во врска со тековната достава на акти и доставата на опомени за неплатена комунална такса и даноци на имот.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Дадена е информација во врска со освоената трета награда и плакета за најдобра ВЕБ страница, со која што е наградена Општина Крива Паланка.

Дадена е информација во врска со отпочнување со имплементација на проектот со Општина Витина, чија реализација е предвидена преку ИПА фондовите, а во рамките на прекуграничната соработка, кој што проект има за цел изградба на пешачка патека – висока зона и потребата од спроведување на постапка за експропријација за непречена реализација на истиот.

Дадена е иницијатива за дефинирање на заеднички проекти со Општина Дупница, Република Бугарија во рамките на прекуграничната соработка од доменот на енергетската ефикасност и енергетската ефикасност во училиштата.

Дадена е информација во врска со активностите за организирање на традиционална Бадникова прослава на Градскиот плоштад во Крива Паланка и потребите околу истата.

Истакната е потребата од поднесување и дополнување на определени проектни апликации преку Јапонската амбасада и поднесување на проектна апликација за проширување на капацитетите на детската градинка „Детелинка“, со ставање акцент на реновирање на тоалетите, холот, кровната површина и замена на столаријата.

**Одделение за инспекциски надзор**

Дадена е информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.

Истакнат е проблемот и потребата од чистење на резервоарот на јавната чешма на магистралниот пат М-2 со хлорирање и анализа на водата.

Истакната е потребата од поставување на елестични заштитни браници на сите остри кривини и други опасни места на определени патни правци долж локалните патишта.

**ЈП Комуналец**

Дадено е задолжение за изготвување на план за дејствување и воведување на дежурни служби, кои ќе бидат во приправност доклоку постои евентуална потреба од нивно делување и интервенирање, а поради постоење на одредени елементарни непогоди, својствени за овој период од годината.

Дадена е информација во врска со активностите за тампонирање на градската депонија со песок и интервенција на градските гробишта со расчистување на свлечиште и изградба на потпорен ѕид.

Дадена е иницијатива за отпочнување со активности за расчистување на регулацијата на м.в.Цигански гробишта и дивата депонија формирана зад станбените згради во нивна непосредна близина.

**ЛУ Градски Музеј**

Дадена е информација за тековните активности во врска со предновогодишната програма, предвидените културно-забавни манифестации и подготовката на промотивниот материјал за истите.

Изготвил:
Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување
25.12.2017 година, Крива Паланка